**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Дашмир Саити**
**именуван за подрачјето на**
**Тетово**
**ул. ЈНА бр.3-6**
**тел. 044-333-521;izvrsiteld.saiti@yahoo.com**

**Образец бр.4**

**И.бр. 458/2026**

Извршителот Дашмир Саити од Тетово, ул. ЈНА бр.3-6 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Друштво за производство, градежништво и промет ТЕТОВА ДООЕЛ Тетово од Тетово со седиште на ул.Штипска бр.38 преку полномошник Адвокат Рита Абдули, засновано на извршната исправа НПН бр.13/26 од 03.02.2026 година на нотар Армир Садики, против должникот Друштво за производство, промет и услуги ТЕЦУП ГРОУП ДОО Тетово од Тетово со седиште на ул.Видое Смилески Бато бр.3, за спроведување на извршување во вредност 7.609.195,00 денари на ден 08.04.2026 година го донесува следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

**ЛИСТ Б:**ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТзапишана во **Имотен лист бр.2278 КО ФАЛИШЕ** при АКН на РСМ – ЦКН ТЕТОВО со следните ознаки:

**ЛИСТ Б:**
- број на катастарска парцела **основен 447 дел /** викано место/улица **ДОЛНИ СУВИ ДОЛ**, катастарска култура **33 Н**,класа **3**, површина **5260 м2**, **сопственост,**

**Со сите сегашни и идни припадоци и прирастоци**
сопственост на должникот Друштво за производство, промет и услуги ТЕЦУП ГРОУП ДОО Тетово.

**Продажбата** ќе се одржи на ден **27.04.2026 година** во **13:00 часот** во просториите на **Извршител Дашмир Саити со седиште на ул.ЈНА бр.3-6 во Тетово**.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот на ден 03.04.2026 година, изнесува **9.704.700 денари** како почетна цена за продажба на недвижноста, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање. Данок на промет и други давачки во врска со преносот на правото на сопственост, паѓаат на товар на купувачот.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. **300110000108525** која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5028016513458.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник НОВА МАКЕДОНИЈА и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: доверител
Должник,
Град Тетово - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци,
дневен весник НОВА МАКЕДОНИЈА,
веб страница на Комора на извршители,
архива на извршител

И З В Р Ш И Т Е Л
Дашмир Саити